Република Северна Македонија

**Министерство за**
**јавна администрација**

**До:** ***Институциите во јавниот сектор на Република Северна Македонија***

**Архивски број:** 09 - 4025/1
**Датум:** 09. 10. 2025

**Предмет: Известување, доставува**

Новиот Закон за административни службеници, кој беше донесен на 10 јули 2025 година и објавен во "Службен весник на Република Северна Македонија" број 144/25, влезе во сила осмиот ден од денот на објавувањето (25.07.2025), а ќе започне да се применува од 1 јануари 2027 година, освен членовите 21 и 22 од одредбите од Глава III. Услови и класификација на работните места на административните службеници и Глава XII.Плати, надоместоци и додатоци на плати на административните службеници, од овој закон, кои **ќе започнат да се применуваат од 1 јануари 2026 година**.

Членовите 21 и 22 од овој закон ги уредуваат нивоата на работните места и звањата на административните службеници од категориите В и Г – стручни и помошно стручни административни службеници.
Согласно член 21 став (1) од овој закон, во рамки на категоријата В – стручни административни службеници, се утврдуваат следните нивоа на работни места и звања на административни службеници:
В1 - стручен административен службеник од прво ниво со звање *советник*,
В2 - стручен административен службеник од второ ниво со звање *стручен соработник* и
В3 - стручен административен службеник од трето ниво со звање *соработник*.

Согласно член 22 став (1) од овој закон, во рамки на категоријата Г - помошно стручни административни службеници, се утврдуваат следните нивоа на работни места и звања на административни службеници:
Г1 - помошно стручен административен службеник од прво ниво со звање *самостоен референт* и


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Г2 - помошно стручен административен службеник од второ ниво со звање *референт.*

Со цел да се овозможи навремено (1 јануари 2026 година) отпочнување со примената на членовите 21 и 22 од одредбите на Глава III. Услови и класификација на работните места на административните службеници и одредбите од Глава XII.Плати, надоместоци и додатоци на плати на административните службеници од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 144/25), неопходно е ресорните министерства предходно да извршат усогласување на посебните (материјални) закони во делот на нивоата на работните места и звањата на административните службеници од категориите В и Г - стручни и помошно стручни административни службеници вработени во институциите на јавниот сектор од одредена област, кои потоа истите ресорни министерства, треба да ги преточат во Каталогот на работните места во институциите од таа област (дејност од јавен интерсе утврден со закон).
Исклучок претставуваат оние државни органи, агенции или фондови, кои врз основа на материјален закон или колективен договор, сами изготвуваат Каталог на работните места во тие државни органи, агенции или фондови.
Имено, по извршеното усогласувањет на материјалниот (посебен) закон во одредената област (дејност), секое министерство или друг државен орган, агенција или фонд е должно да изврши ревизија односно промена на постојната Листа на работни места на административни службеници што постојат во институциите од таа ресорна област или државен орган, агенција или фонд, согласно утврдените во посебниот закон, нивоа и звања на работните места од категориите В и Г на административните службеници во тие институции.
Промената на Листата на работните места на административните службеници во институциите од одредена ресорна област (дејност), друг државен орган, агенција или фонд, ќе се врши на следниот начин:
- кај сите работни места на административните службеници од категоријата В ниво В04 со звање помлад соработник ќе се изврши промена на нивото во В03 со звање *соработник*;
- кај работните места од категоријата В ниво В03 со звање соработник ќе се изврши промена на нивото во В02 со звање *стручен соработник;*
- кај работните места од категоријата В ниво В02 со звање виш соработник, нивото останува исто, ќе се изврши промена на звањето во В02 со звање *стручен соработник;*


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

- кај работните места од категоријата Г ниво Г04 со звање помлад референт и ниво Г03 со звање референт ќе се изврши промена на нивото во Г02 со звање *референт* и
- кај работните места од категоријата Г ниво Г02 со звање виш референт ќе се изврши промена на нивото во Г01 со звање *самостоен референт*.

Барањето за промена на шифрите во постојната Листа на работните места на административни службеници од одредена област (дејност), ресорното министерство од таа област или друг државен орган, агенција или фонд, ќе го достави до Министерството за јавна администрација.
Во Барањето треба да бидат прикажани 2 колони: во едната треба да се наведе постојната шифра и назив на работното место, а во другата колона треба да се наведе новата(изменета во нивото) шифра, без последните три бројки (бројчаникот) кои ќе ги генерира системот при внес на промената во Каталогот на работните места во јавниот сектор.
Називот на работното место може да остане ист или да се промени, во зависност од потребата на институциите од ресорната област.
По извршената промена во Каталогот на работните места во јавниот сектор, во делот на работните места на административните службеници во одредената област, Министерството за јавна администрација писмено и електронски ќе извести и ќе ја достави извршената промена со новите шифри во Листата на работните места на административните службеници во одредената област, доставена од страна на ресорното министерство, друг државен орган, агенција или фонд.

Откако ќе биде извршената промена во Каталогот на работните места во јавниот сектор, во делот на работните места на административните службеници во одредената област, институциите од таа област се должни да извршат промена на актите за систематизација на работните места, согласно извршените промени во Каталогот.

Усогласување на постојните акти за систематизација, во делот на нивоата на работните места и звањата на административните службеници, со новите законски решенија, ќе се изврши по пат на измена на постојните акти за систематизација, на тој начин што кај секое работно место на административен службеник, од наведените категории (В и Г) и нивоа, прикажано во Табеларниот приказ на работните места во одредена институција (орган), поединечно ќе се врши промена


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

во делот на шифрата, звањето и називот на работното место. (Пр. кај работното место под реден број 25.КДР0101В04000 Помлад соработник за правни работи, со звање - помлад соработник, се врши промена во делот на шифрата, звањето и називот на работното место и гласи "КДР0101В03000 Соработник за правни работи, со звање - соработник").

Доколку институцијата во која се врши измената на постојниот акт за систематизација смета дека е тоа потребно, може да изврши промена и во делот на работните цели и задачи кај одредено/и работно/и место/а.

Промена во делот на утврдениот број на извршители не е дозволена.

По извршената измена на постојниот акт за систематизација и добиената согласност од страна на Министерството за јавна администрација, секоја од институциите во јавниот сектор е должна да изврши распоредување на административните службеници од категориите В и Г - вработени во таа институција, на начин утврден со новиот Закон за административни службеници("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 144/25).
Распоредувањето на административните службеници, вработени во институциите на јавниот сектор е уредено во членовите 96 и 97 од одредбите на Глава XV.Преодни и завршни одредби на овој закон.

**Член 96 - Распоредувањето на административните службеници од категорија В:**
Нивото В4 - стручен административен службеник од четврто ниво со звање помлад соработник, на административниот службеник распореден согласно постојниот Закон за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), **се заменува** со *ниво В3 - стручен административен службеник од трето ниво со звање соработник*, утврдено во член 21 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 144/25).

Административниот службеник распореден согласно постојниот Закон за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), на ниво В3 - стручен административен службеник од трето ниво со звање соработник, **се распоредува** на *ниво В2 - стручен административен службеник од второ ниво со звање стручен соработник*, утврдено во член 21 од


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 144/25).

Административниот службеник распореден согласно постојниот Закон за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), на ниво В2 - стручен административен службеник од второ ниво со звање виш соработник, **останува** на *ниво В2 - стручен административен службеник од второ ниво* **со промена** на звање *стручен соработник*, утврдено во член 21 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 144/25).

Административниот службеник распореден согласно постојниот Закон за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), на ниво В1 - стручен административен службеник од прво ниво со звање советник, **останува** на *ниво В1 - стручен административен службеник од прво ниво со звање советник*, утврдено во член 21 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 144/25).

**Член 97 - Распоредувањето на административните службеници од категорија Г:**
Административните службеници распоредени согласно постојниот Закон за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), на ниво Г4 – помошно стручен административен службеник од четврто ниво со звање помлад референт и ниво Г3 - помошно стручен административен службеник од трето ниво со звање референт, **се распоредуваат** на *ниво Г2 - помошно стручен административен службеник од второ ниво со звање референт*, утврдени во член 22 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 144/25).

Административниот службеник распореден согласно постојниот Закон за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), на ниво Г2 - помошно стручен административен службеник од второ ниво со звање виш референт, **се распоредува** на *ниво Г1 - помошно стручен административен службеник од прво ниво со звање самостоен референт*, утврдено


Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk

во член 22 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 144/25).

Административниот службеник распореден согласно постојниот Закон за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016, 11/2018, 275/2019, 14/2020, 215/2021, 99/2022 и 208/2024), на ниво Г1 - помошно стручен административен службеник од прво ниво со звање самостоен референт, **останува** на *ниво Г1 - помошно стручен административен службеник од прво ниво со звање самостоен референт*, утврдено во член 22 од Законот за административни службеници ("Службен весник на Република Македонија" бр. 144/25).

*Лица за контакт во Министерството за јавна администрација:
Емилија Чукиќ (emilija.chukik@mioa.gov.mk )
Ана Чубриновска (ana.cubrinovska@mioa.gov.mk)
Елена Пановска (elena.panovska@mioa.gov.mk )
Абдула Јашаров (abdula.jasharov@mioa.gov.mk)
Мирсада Шабани (mirsada.sabani@mioa.gov.mk)

**Со почит,**

**Министер за јавна администрација**
**Горан Минчев**

Министерство за јавна администрација - Republika e Maqedonisë së Veriut - MINISTRIA E ADMINISTRATËS PUBLIKE - Скопје-Shkup



Министерство
за јавна администрација на
Република Северна Македонија

Ул. „св. Кирил и Методиј“ бр. 54, Скопје
Република Северна Македонија

+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk